СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-463/12
Скопје, 15.07.2024 година

**З А П И С Н И К**
**од првата редовна седница на Собранието на СКМ,**
одржана на ден **12.04.2024 година** во Музеј на македонската борба-Скопје

Првата седницата започна во 12:15 часот и се одржува во просториите на **Музеј на македонската борба - Скопје**, а ја отвори претседателот на Собранието, д-р Борис Стојанов, кој констатираше дека оправдано отсуство на седницата најавиле следните пет делегати: д-р Андреа Андреевски, д-р Велко Папакоча, д-р Марина Прентовска, д-р Едвард Јанев и д-р Билјана Витанова Димитриевска, кои писмено се изјасниле и по точките од предложениот дневен ред.

На седницата присутни се вкупно 46 делегати и тоа:

1) ДИМИТАР МАЛЕШЕВСКИ
2) ДЕЈАН РИСТЕВСКИ
3) ЗОРАН ШУШАК
4) ЕМИЦА БОЈКОВСКА
5) ЉУПЧО ХАЏИ-ПОПОВСКИ
6) ТРАЈАН НИКОЛОВ
7) КОНСТАНТИН ГЕТОВ
8) НАЗМИ ФЕРАТИ
9) ИМРАН ЖУПАНИ
10) АГРОН ПАШОЛИ
11) АНА СОТИРОВСКА
12) МИЛАН ЛАМЕСКИ
13) МАРЈАН ПАСКОВ
14) ХАЈРАДИН СУЛЕЈМАНИ
15) ТАШЕ ДИМИТРИЕСКИ
16) ДАРКО ЦЕКОВ
17) ЕЛИЗАБЕТА СТЕВКОВСКА ЦВЕТКОВСКА
18) СНЕЖАНА СТОЈМАНОВСКА
19) ГОРАНЧО КОЛЕВСКИ
20) АРБЕН АСАНИ
21) ГОРАН ЗЛАТАНОСКИ
22) ЗОРАН ЦЕЛАКОСКИ
23) АНА ЧКРИПЕСКА ТРЕНКОСКА
24) БЛАГОЈА БИСЕРКОСКИ
25) ЕРМИР ЗИБА
26) МАРЈАНА ОЏАКОВА ТИЛЕВА
27) ТОМЕ ПИПЕРЕВАЛИЕВ

28) ДЕНИС БАФТИЈАРИ
29) СЕДАТ АЛИУ
30) ФАТМИР АХМЕДИ
31) БОБАН АНТОСКИ
32) ЌЕНАН ФЕРАТИ
33) ЃОРЃИ НИКОВ
34) БОРИС СТОЈАНОВ
35) ЈУЛИЈАНА НИКОЛОВСКА
36) ЦВЕТАНКА БАЈРАКТАРОВА МИШЕВСКА
37) КРИСТИНА МИТИЌ
38) АРБЕН ЕМИНИ
39) АНЕТА МИЈОСКА
40) ВАСИЛКА ТРЕНДАФИЛОВА-СТРЕЗОВА
41) ЉУБА СИМЈАНОВСКА
42) БЛАГОЈА ДАШТЕВСКИ
43) ГОРАН МИШЕВСКИ
44) АМЕЛА ЦАНА
45) АКЃУЛ ОМЕРАГИЌ и
46) ЗОРАН НУНЕВ.

По утврдување на бројот на присутни делегати, претседателот на Собранието го предложи следниот дневен-ред:

1. **Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски извештај за 2023 година, предложен од Извршниот одбор на Комората;**
2. **Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски план за 2024 година, предложен од Извршниот одбор на Комората;**
3. **Информации за работата на органите и активностите на Комората;**
4. **Разгледување и утврдување на висина на членарина, предлог од Извршниот одбор на Комората;**
5. **Разгледување и донесување на Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование, предложен од Извршниот одбор на Комората;**
6. **Разгледување и донесување на Предлог-акти, предложени од Извршниот одбор на СКМ:**
    a. **Предлог-правилник за дополнување на Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6 од 06.09.2023 г.;**
    b. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛИСТА НА УСЛУГИ СО УТВРДЕНИ МИНИМАЛНИ (РЕФЕРЕНТНИ) ЦЕНИ НА ПРИВАТНИТЕ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства во приватни стоматолошки установи;**
    c. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи;**
7. **Разно**
a. **Разгледување на барање од д-р Миле Ангелески.**

Претседателот на Собранието ги повика присутните да се пријават за дискусија. За збор се јави **д-р Јулијана Николовска** која истакна дека ќе гласа против усвојување на дневниот ред, дискутираше и на други теми, **по што ја напушти седницата.**

Предлог-дневниот ред беше ставен на гласање, а беше усвоен со 40 гласа ЗА (35 гласа од присутните и 5 гласа од делегатите кои се отсутни и се изјасниле преку маил), 8 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

1. **Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски извештај за 2023 година, предложен од Извршниот одбор на Комората;**

Првата точка од дневниот ред ја образложи известителот определен со одлука на Извршниот одбор на Комората, д-р Денковски.

Претседателот на Собранието ги извести делегатите дека за усвојување на **предлог-финансискиот извештај за 2023 година,** предложен од Извршниот одбор на Комората потребно е 2/3 мнозинство. Никој не се пријави за збор, а извештајот беше усвоен со 41 глас ЗА (35 гласа од присутните и 5 гласа од делегатите кои се изјасниле преку маил), 6 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ.

2. **Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски план за 2024 година, предложен од Извршниот одбор на Комората;**

**Пред гласањето за оваа точка, д-р Арбен Емини ја напушти седницата.**

Предлог-финансискиот план за 2024 година го образложи известителот од Извршниот одбор на Комората, кој истакна дека во него се предвидени зголемени приходи од КСУ; намалување на приходи од списанието на Комората VOX Dentarii; намалување на трошоци за канцелариски материјал; зголемување на приходи во Фондот за солидарна помош.

За збор се јави д-р Амела Цана која праша што значи солидарен фонд?

Д-р Бајрактарова Мишевска побара збор и се изјасни дека е против зголемување на ставката за патни и дневни трошоци.

3. **Информации за работата на органите и активностите на Комората;**

Пред почетокот на дискусијата по оваа точка, д-р Кристина Митиќ ја напушти седницата, а достави писмена изјава за гласање по точките од дневниот ред.

По оваа точка се произнесе известителот од ИО, кој ги извести присутните делегати за работата на органите и активностите на Комората и тоа:

-за работата на Комисија за статутарни и правни прашања

-спроведување на стручен надзор

- за идејата списанието VOX да излегува само во електронска форма, наместо во печатена;

-постапки кои се водат пред судовите;

- за измените на Законот за здравствената заштита и Законот за здравственото осигурување (поликлиники, минимални цени, пациенти на ПЗУ- наследување на концесии, пензионирање)

- остварени средби со министерот за здравство во врска со измени на Правилникот за простор, опрема и кадар и објавување на нови јавни повици;

- одржани се состаноци со членови на неколку Регионални одбори, а во иднина ќе продолжи оваа пракса.

4. **Разгледување и утврдување на висина на членарина, предлог од Извршниот одбор на Комората;**

Известителот од ИО истакна дека висината на членарината во Комората не е променета од 2006 година, кога се наплаќал и дополнителен износ за читање на бар-кодови од сертификати. Новата цена е предложена од членовите на Извршниот одбор, а истата ќе важи од **01.02.2025 година.**

Висината на годишната членарина во Комората за 2024 година и во иднина се предлага да биде на износ од **2.400,00 денари**, со вклучен износ од 300,00 денари за Фондот за взаемна помош. За плаќања на годишна членарина кои ќе бидат извршени заклучно со 31.01.2025 година, да се пресметува членарина по сегашниот износ (1.500,00 денари), со вклучен износ од 300,00 денари за Фонд за взаемна помош. Се предлага и да се овозможи **плаќање однапред на годишна членарина за повеќе години**, но најмногу во траење на еден лиценцен период на доктор на стоматологија.

По оваа точка за збор се јавија д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска и д-р Ана Чкрипеска Тренкоска.

Д-р Чкрипеска Тренкоска предложи да се одложи зголемувањето на членарината додека не се зголемат цените на стоматолошките услуги.

Д-р Бајрактарова Мишевска истакна дека е против зголемување на членарината.

По завршување на дискусијата, претседателот на Собранието д-р Стојанов го стави предлогот на гласање и нагласи дека за негово усвојување е потребно 2/3 мнозинство. За усвојување на предлогот за **утврдување на висина на членарина на износ од 2.400,00 денари,** ЗА гласаа 37 делегати (32 од присутните+4 онлајн + изјава за гласање од Кристина Митиќ), 11 делегати гласаа ПРОТИВ (10+1 онлајн) и 1 делегат беше ВОЗДРЖАН.

5. **Разгледување и донесување на Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование, предложен од Извршниот одбор на Комората;**

Овој акт предложен од Извршниот одбор на Комората, веќе е усвоен на седница на Собранието на Комората одржана на 06.09.2022 година, а образложението на истиот е

доработено согласно насоките добиено од Секторот за нормативно-правни и управни работи при Министерството за здравство. Известителот од ИО истакна дека поради одржаните избори и промена на составот на органите и телата, поцелисходно е да се усвои повторно на седница на Собраниез па да се испрати до министерот за здравство заради добивање на решение за согласност.

Претседателот на Собранието потенцираше дека за усвојување на овој Правилник потребно е просто мнозинство, а откако никој не се јави за дискусија, го стави на гласање.

Предлог-Правилникот за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование беше усвоен со 37 гласа ЗА (32 + 5 онлајн), 10 ПРОТИВ (9 + 1 онлајн) и 1 ВОЗДРЖАН.

6. **Разгледување и донесување на Предлог-акти, предложени од Извршниот одбор на СКМ:**
    a. **Предлог-правилник за дополнување на Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6 од 06.09.2023 г.;**
    b. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛИСТА НА УСЛУГИ СО УТВРДЕНИ МИНИМАЛНИ (РЕФЕРЕНТНИ) ЦЕНИ НА ПРИВАТНИТЕ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства во приватни стоматолошки установи;**
    c. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи;**

Предлог-правилникот за дополнување на Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош пред почетокот на дискусијата беше повлечен од дневен ред, а седницата продолжи со дискусија по следните акти.

ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛИСТА НА УСЛУГИ СО УТВРДЕНИ МИНИМАЛНИ (РЕФЕРЕНТНИ) ЦЕНИ НА ПРИВАТНИТЕ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства во приватни стоматолошки установи и ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИКОТ за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи се изработени од Комисијата за статутарни и правни прашања, а истите се дел од долгогодишните барања на докторите на стоматологија, со цел регулирање на начинот на донесување на минимален ценовник, примената и мерките за непочитување на Листата на услуги со минимални цени, начинот на рекламирање и мерките за непочитување на критериумите за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи.

Двата Предлог-правилници беа усвоени едногласно од сите делегати.

7. **Разно**

    -Разгледување на барање од д-р Миле Ангелески.

Претседателот на Собранието го презентираше Барањето од д-р Миле Ангелески, заведено со арх. бр. 02-449/1 од 28.03.2024 г. за испишување од член на Стоматолошката комора на Македонија. Согласно член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Комората, на д-р Миле

Ангелески, со број на лиценца 0004068, членството во Комората му престанува со поднесување на барање за престанување на членство.

Известителот од ИО го презентираше и Известувањето за неплатена годишна членарина на доктори кои се членови на органите и телата на Комората, со арх. бр. 02-477/1 од 11.04.2024 г., доставен до него од Секторот финансии на СКМ. Известувањето ќе биде доставено до Комисијата за избори и именувања за да се провери веродостојноста.

Претседателот на Собранието ја затвори изборно-конститутивната седница на Собранието во 13:50 часот.

*Записничар,*
м-р Ана Ангелеска________

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Собрание,
д-р Борис Стојанов

М.П. ________________________

**Содржината на овие работни материјали е од интерен карактер за членовите на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и се однесуваат исклучиво на примателите.*